

# ОДРЖЛИВИТЕ ПРАКТИКИ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА -

## ПРВ ЧЕКОР ВО ГРАДЕЊЕТО ОДРЖЛИВО ОПШТЕСТВО

Оваа анализа е подготвена од страна на здружението за истражување, комуникации и за развој - Паблик со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Мислењата изразени во оваа анализа им припаѓаат на авторите и не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на Соединетите Американски држави.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека «Св. Климент Охридски», Скопје

364-3:334.722(497.7)

ИЛИЈЕВСКИ, Климентина
Одрживите практики на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија - прв чекор во градењето одржливо општество / автори Климентина Илијевски и Александра Илоска. - Скопје : Здружение на граѓани за истражување, комуникации и за Развој Паблик, 2019. - 35 стр. : илустр. ; 25 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 34-35

ISBN 978-608-65957-9-1
1. Илоска, Александра [автор]
а) Социјално претпримништво - Македонија
COBISS.MK-ID 110204682

# ОДРЖЛИВИТЕ ПРАКТИКИ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА -

## ПРВ ЧЕКОР ВО ГРАДЕЊЕТО ОДРЖЛИВО ОПШТЕСТВО

Автори: Климентина Илијевски и Александра Илоска
Истражувачи на терен: Маја Раванска, Анета Ристеска и Александра Илоска
Советник за истражување: Катерина Мојанчевска

# СОДРЖИНА


Листа на табели, графикони и на факти ......5
Листа на кратенки ......5
1 ВОВЕД ......7
1.1 ОДЖЛИВИОТ РАЗВОЈ - СЀ УШТЕ ПРЕДИЗВИК ЗА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ......8
2 Социјалните претпријатија во Република Северна Македонија ......9
2.1 Социјалните претпријатија во Република Северна Македонија: актуелна состојба ......10
3 МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ И ОПИС НА ПРИМЕРОКОТ ......12
4 ОДРЖЛИВИ ПРАКТИКИ ВО СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ......15
4.1 Економска одржливост ......16
4.2 Одржливост од аспект на влијанието врз животната средина ......17
4.2.1 Транспорт и патување ......17
4.2.2 Штедење енергија и вода и користење обновливи извори на енергија ......19
4.2.3 Отпад ......20
4.2.4 Материјали и ресурси ......21
4.3 Одржливост од аспект на влијанието врз општеството ......23
4.3.1 Практика од областа на трудот, пристојност на работните места и почитување на човековите права ......23
4.3.2 Општество и клиенти ......25
5 ЗАКЛУЧОК ......28
6 ПРЕПОРАКИ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ ......31
6.1 Препораки за креаторите на јавните политики ......32
6.2 Препораки за социјалните претпријатија ......32
6.3 Препораки за другите учесници во еко-системот ......32
7 ЛИТЕРАТУРА ......34

## ЛИСТА НА ТАБЕЛИ, ГРАФИКОНИ И НА ФИГУРИ


Слика 1: Листа за интегрирање на одржливоста во проектите и во проектниот менаџмент

Графикон 1: Економска одржливост на социјалните претпријатија
Графикон 2: Практика на транспорт и на патување во рамките на социјалните претпријатија
Графикон 3: Штедење на енергија и на вода
Графикон 4: Практика на управување отпад
Графикон 5: Одржлива практика во синџирот на набавки
Графикон 6: Обуки и професионален развој на вработените
Графикон 7: Грижа за заедницата
Графикон 8: Грижа за крајните корисници


## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

**СП** - Социјални претпријатија
**ЕУ** - Европска унија
**МТСП** - Министерство за труд и социјална политика

# 1 ВОВЕД

Историски гледано, фокусот на локалниот и на регионалниот развој е кон економски пораст со пазарно ориентирани стратегии, чијашто цел е унапредување на економската ефикасност преку зголемување на вработеноста, приходите, продуктивноста, индустријализација и на јавните инвестиции (Hudson, 2007; Fasenfest et.al, 1997). Сепак, ваквиот релативно тесен фокус е сè поизразено критикуван бидејќи не ги интегрира во себе општествените потреби и глобалните предизвици, вклучувајќи ја и одржливоста во поширока смисла.

Во последната деценија концептот на одржливост се унапредуваше од аспект на препознатливост и значење меѓу академската заедница и јавната политика. Меѓу другото, притисокот врз компаниите да го унапредат известувањето и отчетот за влијанието врз економскиот перформанс на акционерите, но и одржливоста, е значително зголемен (Visser, 2002). На крајот на 2014 година Европската комисија ја донесе Директивата за објавување податоци што не се од финансиска природа и диверзификација(2014/95/EU). На земјите-членки им се дадени две години за да ја вклучат во националното законодавство. Новите законски регулативи ќе играат суштинска улога во поттикнување на традиционалниот бизнис-сектор проактивно да се вклучи во исполнување на целите за одржлив развој на Обединетите нации и на Парискиот договор за климатски промени. Со новата директива се воведува обврска за компаниите со повеќе од 500 вработени да објавуваат и податоци што не се од финансиска природа (социјални, еколошки и економски), додека, пак, компаниите со повеќе од 250 вработени треба да известуваат само за практиката за диверзификација. Со воведувањето на практиката за известување се очекува да се унапреди водењето на претпријатијата и да се зголеми нивниот придонес кон одржлива иднина. Со новата директива, големите компании се обврзани да објавуваат извештаи за политиката што ја спроведуваат во однос на:

- Заштита на животната средина;
- Општествена одговорност и односи со вработените;
- Почитување на човековите права;
- Антикорупција и поткуп;
- Разновидност во постојните бордови во компанијата (од аспект на возраст, род, образование и професија).

Концептот на социјални претпријатија, пак, е во развој, а практиката на применување претприемачки практики за унапредување на општеството и за решавање на општествените предизвици како загадување, сиромаштија и нееднаквости, не е нова.

Во последната декада, во ЕУ и на глобално ниво, идентификуван е рапиден пораст на социјални претпријатија, кои, генерално, функционираат по принципите на одржливост. Генерално, социјалните претпријатија се тие бизнис-ентитети што промовираат одржлив развој и нови начини на водење бизнис потпирајќи се на локалните ресурси, притоа поддржувајќи го создавањето нови работни места (OECD, 2016: 5). Примарно, тие се фокусирани на специфични делови од пазарот, пред сè во локалниот контекст и, најчесто, дејствуваат исклучително локално, а поретко на национално ниво (European Commission, 2014: 33). Потенцијалот на социјалните претпријатија сè уште не е целосно искористен, меѓутоа брзиот пораст на разновидните општествени потреби и појавата на многубројни еколошки предизвици ја наложуваат потребата за нивни похрабар развој.

Достапноста на литература за одржливоста и за социјалните претпријатија, како и нивниот придонес во одржливиот развој, е многу ограничена. Најголем дел од достапната литература е фокусирана на финансиската одржливост (Sabela and Eid, 2016: 71-89; Jenner, 2016: 42-60), притоа не успевајќи да ја анализира одржливоста на социјалните претпријатија од поширок аспект, кој интегрира и влијание врз општеството и врз животната средина. Дополнителна литература обезбедува докази за придонесот на социјалните претпријатија кон заштита на животната средина (Darby and Jenkins, 2006: 411-431). Во моментов, во Европа има два милиона социјални претпријатија, што претставуваат 10 проценти од вкупниот број претпријатија во Европската унија (ЕУ). Повеќе од 11 милиони луѓе во ЕУ работат во социјални претпријатија, што претставува шест проценти од вкупниот број вработени во ЕУ (European Commission, 2017).

## 1.1 ОДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ - СÈ УШТЕ ПРЕДИЗВИК ЗА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Одржливиот развој претставува еден од стратегиските приоритети на глобално ниво. Тој е интегриран во многубројни стратегиски документи, како милениумските цели, стратегијата за развој на ЕУ, а понатаму е операционализиран и во стратегиите на национално ниво.

Пристапот во дефинирањето на одржливиот развој е различен. Во литературата постои широк спектар на дефиниции за одржлив развој. Се работи за концепт што интегрира широк ранг економски и општествени проблеми и проблеми што се однесуваат на животната средина (OECD, 2007: 7). Одржливиот развој ќе овозможи постојана корист по жител благодарение на меѓугенерациската солидарност (Светска банка, 1989). Одржливиот развој почнува со одржливо работење (бизнис), а тоа во практика бара деловни луѓе што ќе наметнуваат промени во правец на еколошка ефикасност, иновации и општествена одговорност.

Во насока на остварување одржлив развој, Европската комисија применува индикатори што ги одразуваат трендовите во социо-економскиот развој, одржлив модел на потрошувачката и на производството, социјална вклученост, демографски промени, јавно здравство, климатски промени и енергија, природни ресурси, одржлив транспорт, како и трендовите во глобалното партнерство и доброто управување. Мониторингот на овие групи индикатори за Република Северна Македонија го спроведува Државниот завод за статистика и ги пресметува во согласност со методологија усогласена со таа на Европската унија. Според тоа, станува збор за индикатори што се споредливи со тие на европските држави и се добра основа за следење на приоритетите на националната политика за одржлив развој. Податоците за сите групи индикатори се достапни од 2000 година до 2017 година.

Во земјава, во 2009 година, во рамките на Министерството за животна средина и просторно планирање, спроведен е проект за поддршка за подготовка на национална стратегија за одржлив развој. Стратегијата е развиена врз основа на дефиницијата на Светската комисија за животна средина, која, пак, го дефинира одржливиот развој како развој што ги задоволува потребите на сегашните генерации, без да ја загрози можноста на идните генерации да ги задоволат своите потреби (Министерство за животна средина и просторно планирање, 2010).

Ефективното спроведување на одржливиот развој, пред сè, претставува институционален предизвик со кој се соочуваат голем број влади (OECD, 2007: 7). Тој не може да се оствари индивидуално, само во една земја, бидејќи еден од ефектите на глобализацијата е создавањето поврзаност меѓу земјите. Оттука, тој бара глобална, интерсекторска соработка и меѓународни решенија.

Во Република Северна Македонија постои недоволно развиена свест, разбирање и прифаќање на концептот и на принципите на одржлив развој. Во 2010 година е донесена првата стратегија за одржлив развој, која го опфаќа периодот до 2030 година. Генерално, стратегијата поставува сеопфатна дијагноза за одржлив развој на земјава, која е одредена на следниов начин:

1) Недоволна развиена свест, разбирање и посветеност за одржлив развој;
2) Целосна посветеност кон членство во ЕУ на национално ниво;
3) Потреба од сеопфатен организациски развој и институционално засилување во сите сфери на јавниот живот, вклучувајќи создавање политика, подготовка на правна и регулативна рамка, стратегиско планирање, администрација, мониторинг и спроведување;
4) Транспорт и инфраструктура;
5) Секторски приоритети: здравствениот сектор, образовниот сектор, енергетиката, земјоделството и шумарството, туризмот, управувањето отпад, богатото природно и културно наследство.

# 2 СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## 2.1 СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА: АКТУЕЛНА СОСТОЈБА

Не постои сеопфатно истражување за социјалните претпријатија во земјава. Досега се спроведени две истражувања[1], чијшто примарен фокус се граѓански организации со економски активности, притоа ограничувајќи го пристапот до знаење за кооперативите, земјоделските кооперативи, занаетите, коморите на занаети, давателите на услуги за социјална и здравствена заштита, како и факторите во секторот за управување отпад, кои можат да се развиваат како социјални претпријатија.
Постојната законска регулатива во Република Северна Македонија не ги препознава и не ги регулира социјалните претпријатија и социјалното претприемаштво бидејќи сè уште не постои заедничко разбирање за концептите (Ilijevski & Iloska, 2018). И двата се појавија во дискурсот на третиот сектор и, генерално, постои концептуална конфузија кога јавно се дискутира за нив. Развојот на социјалните претпријатија во земјава се поврзува со последните случувања во третиот сектор, како, на пример, ограничената финансиска поддршка за услугите што ги нудат граѓанските организации, децентрализацијата на системот за социјална заштита и зголеменото влијание и финансиската поддршка што е на располагање од страна на донаторската заедница.
Ентитетите што го сочинуваат спектарот на социјалните претпријатија во земјава се разновидни. И покрај отсуството на специфични институционални форми за социјалните претпријатија, постојната законска регулатива овозможува основање и функционирање на ентитети што можат да бидат препознаени како социјални претпријатија, како на пример граѓански организации и фондации, кооперативи, заштитни друштва, комори на занаетчии, земјоделски задруги.
Во согласност со податоците на постојната база на податоци на Асоцијацијата за истражување, комуникации и за развој „Паблик“ за карактеристиките на постојните социјални претпријатија, може да се заклучи дека:

**1) Дејност и мисија:** Социјалните претпријатија во Република Северна Македонија, главно, се насочени кон производство и продажба на органски производи, производство и продажба на домашни автентични прехранбени и други производи, на рециклирање и реупотреба. Притоа, поголемиот дел од нив се социјални претпријатија за работна интеграција, односно најчесто обезбедуваат ангажман, но и вработување на потешко вработливи лица. Дел од нив ги следат и потребите на општеството во однос на недостиг од одредени услуги, па нудат услуги за нега на стари лица, за деинституционализација, за поддршка на зависници од дрога, алкохол и од хазардни игри, поддршка и едукација на бремени жени и на доилки. Некои од овие ентитети се вклучени и во неформалното образование, во културата и во уметноста, во издаваштвото.

**2) Хибриден бизнис-модел:** Социјалните претпријатија во Република Северна Македонија, освен што спроведуваат економски активности, при своето работење користат и грантови, донации, даваат услуги финансирани од јавни институции, а во многу ретки случаи и од општините (на пример, услуга за спроведување деинституционализација, за рехабилитација на лица што живеат со зависности или поранешни затвореници, активација на младинци од улица итн). Дел од овие ентитети користат и активни мерки за вработување, но спроведеното истражување покажа дека тие не се создадени соодветно на потребите на социјалните претпријатија.

[1] „Социјалните претпријатија како можност за работна интеграција на ранливи групи“, достапно на: http://public.org.mk/images/specijalnite-pretprijatija.pdf и „Екосистемот за социјалните претпријатија во Хрватска и во Западен Балкан“, достапно на: https://www.nesst.org/wp-content/uploads/2017/05/SE-Ecosystem-in-the-W-Balkans-FINAL.pdf

3) **Број на вработени:** постојните социјални претпријатија се мали ентитети, кои обезбедуваат вработување за мал број лица, односно од едно до пет лица. Незначителен е бројот на тие ентитети што вработуваат повеќе од 15 лица и тие се организации што нудат услуги за социјална и за здравствена заштита.

Асоцијацијата „Паблик" при создавањето на базата се водеше од неколку критериуми: претпријатието да има јасна цел во која има прецизно поставени придобивки за општеството и за животната средина, најголем дел од профитот на претпријатието да се враќа во општеството (минимум 51 процент), континуирано да се произведуваат добра и услуги (во дел од СП е забележана нестабилност во однос на овој критериум, па со цел добивање поголем примерок, критериумот за приход од економски активности е намален од 20 проценти, на 10 проценти), да постои партиципативно управување во рамки на самите ентитети.

# 3 МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ И ОПИС НА ПРИМЕРОКОТ

Теренското истражување насочено кон согледување на одржливата практика на социјалната практика во Република Северна Македонија, беше спроведено во периодот јануари - март 2018 година. Со оглед на тоа што социјалните претпријатија во земјава се во зачеток и сè уште не постои закон што ги дефинира овие ентитети, за ова истражување е користена базата на податоци на Асоцијацијата за истражување, комуникации и за развој „Паблик", која работи на создавање екосистем за развој на социјалното претприемаштво во земјава. Дел од СП со кои беше направено интервју не се препознаваат себеси како ентитети на социјалната економија, иако имаат и ги развиваат своите економски активности во согласност со постојниот Закон за здруженија на граѓани и фондации, а генерираните средства ги користат во активности што се во согласност со нивната мисија.
Во согласност со базата на податоци на „Паблик" во која се евидентирани 41 социјално претпријатие, во рамки на ова истражување беше контактирано со сите овие ентитети, но три одбија да бидат вклучени во процена на одржливата практика во нивните правни лица. Во согласност со ова беа направени интервјуа со претставници на 38 социјални претпријатија, распространети низ сите плански региони во земјава, при што 21 од Скопскиот плански регион, каде што е евидентирана највисока присутност на социјални претпријатија во земјава, три од Пелагонискиот регион, четири од Југозападниот регион, две од Полошкиот регион, три од Југоисточниот регион, едно од Источниот регион, две од Вардарскиот регион и две од Североисточниот плански регион.

Главно прашање на ова истражување е дали и на кој начин одржливата практика во водењето на бизнис-моделот на социјалните претпријатија во земјава придонесува во развојот на одржливо општество.

Беше спроведено квалитативно истражување со цел да се навлезе подлабоко во практиката на одржливост на социјалните претпријатија, преку полуструктуриран прашалник. Во исто време, беше спроведено и канцелариско истражување за согледување на контекстот и на развојот на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија, како и практиката на одржливост во земјата.
Прашалникот за ова истражување е составен во согласност со моделот на зрелост (матујрити моделот) за интегрирање одржливост во проекти и во проектен менаџмент поделен на три сегменти - економска одржливост, одржливост во однос на животната средина и општествена одржливост, адаптирани на контекстот во земјата во која е спроведено истражувањето (Silvius & Schipper, 2010).
Моделот на зрелост е практичен начин комплексниот концепт на одржливост (луѓе, планета, профит) да се пренесе од теоретските согледувања во практика. Овој модел им овозможува на организациите преку водич за акциските планови да го следат својот одржлив прогрес (Dinsmore, 1998), а истражува и до кое ниво - ресурсите, деловните процеси, бизнис-моделите и продуктите / услугите се земени предвид во различните процеси во однос на одржливоста. Специфичноста на овој модел е во тоа што резултатите можат да се прикажат графички откако ќе се одговори на прашалниците што дава јасен приказ до кое ниво организацијата успева да ја спроведе одржливите практики, но и уште колку "работа" ѝ останува низ различните полиња. Слика 1, ги прикажува аспектите на моделот.




*Слика 1: Листа за проверка: Интегрирање на одржливоста во проектите и во проектниот менаџмент*

# 4 ОДРЖЛИВИ ПРАКТИКИ ВО СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## 4.1 ЕКОНОМСКА ОДРЖЛИВОСТ

Еден од најголемите предизвици на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија е економската одржливост. Истражувањето покажува дека, во практика, социјалните претпријатија имаат хибриден бизнис-модел, кој е финансиски одржлив од поширок спектар на извори, како приходи од економски активности, активни мерки за вработување, грантови, донации, услуги финансирани од јавни институции.
Во практика, социјалните претпријатија немаат капацитети за поголемо производство и продажба или испорака на услуга, но објаснуваат дека остануваат на истото ниво поради неможноста да ги пласираат производите и услугите. Другите како пречка за својот развој ги наведуваат недостигот од инвестиции во социјалната економија, недостигот од потребни машини, отсуството на свој простор каде што ќе можат да ги продаваат своите производи, а кој сметаат дека можат да го добијат од општината, недостиг од човечки ресурси, недоволното знаење за развивање бизнис, недоволен маркетинг и промоција, но и пасивност од нивна страна, односно несоодветно развивање на економските активности и зависноста од грантови.
Генерално, кај постојните социјални претпријатија отсуствува долгорочна визија за обезбедување економска одржливост. Дел од нив се зависни од донаторска поддршка. Ентитетите што дејствуваат како здруженија на граѓани и во иднина би останале да функционираат на ваков начин обезбедувајќи одредени финансии за здружението преку економските активности.

*Ова ни е жежок проблем, немаме тим. Јас сум вработена на друго место, ова ми е само дополнителен ангажман. А ако не повлечам нешто, жените не преземаат иницијатива. Треба тим, требаат луѓе. А овде нема кадар.*

(претставничка на СП од Југозападниот регион)

Само седум од социјалните претпријатија (18,4 проценти) се финансиски самоодржливи, додека дополнителни единаесет социјални претпријатија (28,95 проценти) во моментов не се одржливи, но имаат развој, план и дефинирани цели од половина година, една година, па до шест години кога би се очекувало да бидат самоодржливи. Повеќето од нив биле или се дел од програми за засилување на капацитетите на социјалните претпријатија во земјава и користат активни мерки за поддршка на СП или, пак, добиле грант за развој преку неколкуте иницијативи за поддршка на социјални претпријатија финансирани од надворешни донатори. Кај дел од нив е присутна и волонтерска работа со цел опстанок на СП.

*Не знам што да речам за ова, сериозен проблем е. Најголем проблем е. Требаше да станеме самоодржливи за три години, но со вработените што ги имаме, а доаѓаат од ранлива група, не успеваме да го исполниме оптимумот, не се такви изгледите.*

(претставничка на СП од Скопскиот регион)

**Како препораки за тоа што треба да се направи / промени за да се овозможи подобра самоодржлива средина за нивното социјално претпријатие, тие наведуваат: 1**) пристап до финансии за социјални претпријатија; **2**) поддршка во пласманот на нивните производи; **3**) специјализирани фондови за новоформирани социјални претпријатија што имаат потенцијал за развој; **4**) пренасочување на донаторските средства и поголемо финансиско учество од страна на локалната самоуправа; **5**) подигнување на јавната свест кај купувачите за вредноста што ја носат социјалните претпријатија; и **6**) поактивно вклучување на Министерството за економија и на Министерството за животна средина и просторно планирање, а не само на Министерството за труд и социјална политика во однос на развојот на социјалната економија во земјава, центар за поддршка на социјалните претпријатија.

*Потребен е центар за поддршка на социјални претпријатија каде што ќе можам да се јавам кога се соочувам со некој предизвик, а тој центар да ми излезе в пресрет во однос на моите потреби и да има база од стручњаци што ќе помагаат при развојот на социјалните претпријатија, што ќе овозможуваат специјални консултации.*

(вели претставник на СП од Скопскиот плански регион)

Најголемиот дел од социјалните претпријатија се свесни дека е потребно засилување на нивните капацитети, особено во делот на финансиска одржливост, професионалниот развој на тимовите. Како еден од сегментите што ќе создадат средина што овозможува развој на социјалните претпријатија во земјава, истражуваните ентитети ја наведуваат и законската рамка, како и внесувањето на идејата за социјалното претприемаштво во образовниот систем со што би растел сензибилитетот на младите во однос на ова прашање, а, во исто време, ова би значело и зголемена шанса младата популација во иднина да отвора нов социјален бизнис.

## 4.2 ОДРЖЛИВОСТ ОД АСПЕКТ НА ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

### 4.2.1 ТРАНСПОРТ И ПАТУВАЊЕ

За да се намалат на минимум штетните последици од транспортот неопходно е одвојување на економскиот пораст од побарувачката за транспорт (Државен завод за статистика, 2018 година: 136). **Генерално, во Република Северна Македонија отсуствува практика за развој на одржлив транспорт.** Според податоците на Државниот завод за статистика постои нагорен тренд во вкупната потрошувачка на енергија во секторот транспорт. Доколку во 2000 година таа изнесувала 368.000 тони, во 2015 година потрошувачката е зголемена речиси двојно, на 631.000 тони (Државен завод за статистика, 2018 година: 136-140). Во земјава сè уште **автомобилскиот превоз е еден од најупотребуваните,** односно тој претставува речиси 80 проценти од вкупниот патнички превоз.
Во овој контекст, моделот на зрелост на одржливоста предлага исклучување на причинителот на неодржливоста на некој процес или услуга, место намалување на неговите последици. Оттука, место да се бараат алтернативни превозни средства со помал јаглероден отпечаток (електрични возила или возила на биогорива), целта е да се исклучи транспортот доколку е возможно. Оттука, освен зелените превозни средства (велосипед, трицикл и слично), важно е да се иновира во насока на дигитализација на услугите (на пример, дистрибуција преку интернет, место аналогна дистрибуција на услугата) или да се нудат алтернативни решенија, кои максимално би го намалиле транспортот или би го исфрлиле од деловните процеси.
**Социјалните претпријатија од поголемите градови на Република Северна Македонија имаат изградена свесност за важноста од практикување одржлив транспорт,** а кај тие од помалите места и од руралните средини одржливиот транспорт е присутен, но не како свесно донесена практика, туку самиот локализиран контекст (близината) им наметнува таков начин на функционирање од една страна, што влијае позитивно и на нивните финансии.

*Најмногу одиме пеш, затоа и канцеларијата ни е во центар. Немаме ништо официјално како документ во однос на одржливиот транспорт, но такви сме како луѓе.*

(претставник на СП од Скопскиот плански регион)




*Графикон 2: Практика на транспорт и на патување во рамките на социјалните претпријатија*

Со оглед на тоа што фокусот на работа на социјалните претпријатија е, главно, насочена кон локалното население, најголемиот дел од нив, 73,7 проценти, на работа стигнуваат пеш, со велосипед или со јавен превоз, а дневните работни обврски, главно, ги завршуваат така. Кај дел од социјалните претпријатија што работат претежно со работно ангажирани лица, особено тие од делот на креативната индустрија, поединците ја завршуваат работата од дома и не користат превоз, а доставата на производите ја вршат преку брза пошта.

Сепак, дел од овие претпријатија немаат развиено практики за заштита на животната средина, туку се обидуваат да ги намалат трошоците за транспорт од финансиски причини. Поголемиот дел од нив се свесни дека практиките на одржлив транспорт може да влијае и на нивниот позитивен имиџ во општеството.

***Со општина Центар планираме да разговараме за субвенција за велосипеди за негувателите, кои дневно посетуваат и по тројца клиенти, па вака ќе заштедат и време, а ќе бидат и брендирани.***

(претставник на социјално претпријатие од Скопскиот плански регион)

Вкупно, 26,3 проценти од анализираните социјални претпријатија, главно, користат возила за стигнување на работното место, за завршување на дневните активности надвор од организацијата, па и мотоцикли, такси-превоз, особено затоа што со мерката за поддршка на социјалните претпријатија добиле ваучери за гориво. Некои се обидуваат да користат и споделен превоз, но дел од СП се стационирани во делови надвор од градот каде што нема јавен превоз и тоа им го отежнува функционирањето на одржлив начин.
На дел од нив типот на работата им бара користење моторизирано возило (автомобил и комби), а покажуваат свесност дека им се потребни електрични возила, чијашто цена е превисока за да можат да си ги дозволат.

***Редовно користиме комби во нашата работа поради доставата на производи до нашите корисници, но водиме сметка да постигнеме оптимум, правиме распоред на движењето на активностите. На пример, се обидуваме доставата да ја завршиме во еден или два дена во текот на неделата.***

(претставник на социјално претпријатие од Скопскиот регион)

***Иако 90 проценти од движењето на вработените во нашето социјално претпријатие е со велосипед или пеш, за жал, ова не функционира кога доставуваме производи, особено кога е топло, тогаш марулата не би преживеала.***

(претставник на социјално претпријатие од Скопскиот плански регион)

Сепак, поголемиот дел и од овие претпријатија се обидуваат да ја развиваат културата на возење велосипед, но поради типот на работата и далечината, не успеваат во целост да функционираат со одржлив транспорт.

### 4.2.2 ШТЕДЕЊЕ ЕНЕРГИЈА И ВОДА И КОРИСТЕЊЕ ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

Република Северна Македонија сè уште се карактеризира со висока енергетска зависност, која покажува нагорен тренд, 39,9 проценти во 2000 година и 52,3 проценти во 2015 година (Макстат база на податоци, 2018 година), што значи дека земјава во последните две декади не преземала мерки за намалување на енергетската зависност. И покрај многубројните ресурси што се на располагање, сепак во 2016 година во земјава учеството на обновливите извори на енергија во вкупно потребната енергија изнесува само 15 проценти. Унапредувањата на годишно ниво се минимални, особено ако се земе предвид дека во 2000 година овој процент изнесувал 11 (Макстат база на податоци, 2018 година). Најголемо учество на обновливата енергија во 2015 година во вкупната потребна енергија во континуитет има биомасата, односно 8,8 проценти, како и хидроенергијата, која изнесува 5,9 проценти во 2015 година. Покрај овие два извора на енергија, во земјава сè уште остануваат неискористени геотермалната енергија, биодизелот, соларната енергија, енергијата од ветер и од биогас.




*Графикон 3: Штедење енергија и вода*

Вкупно 23,7 проценти (9) од социјалните претпријатија со кои беше направено интервју немаат свои простории, односно работат од дома и / или споделуваат простори и покажуваат одредено ниво на свесност за штедење енергија и вода при својата работа. Претставниците на организации од помалите места и од руралните средини тоа, главно, го прават од финансиски причини. Уште десет од организациите со кои беше направено интервју (26,3 проценти), кои имаат свој простор, исто така, покажуваат одредено ниво на свесност, но немаат воспоставена практика за заштеда на енергија и на вода, ниту, пак, размислуваат како би можеле да ги намалат овие трошоци. Овие СП, главно, се греат на струја, на дрва и на палети, а количеството потрошена вода не го ставаат како приоритет поради природата на активностите што ги спроведуваат.

Дванаесет од организациите со кои беше направено интервју (31,6 проценти) покажуваат високо ниво на свесност во однос на заштедата на енергија и на вода и тоа активно го практикуваат во своето секојдневие. Некои од нив бараат и алтернативни решенија на функционирање за да ги намалат на минимум овие трошоци.

***Дел од активностите што ги спроведуваме се на отворено, кампуваме, па така штедиме и енергија и вода и пари. Се храниме со локалните производи што ги набавуваме од селаните.***

(претставник на СП од областа на културата од Скопскиот плански регион)

Дел од СП со текот на функционирањето ги согледале слабостите во однос на потрошувачката на енергија и на вода, па создале нова практика, која не е целосно образложена и одржлива, но е почеток на нов начин на функционирање, кој е, пред сè, воден од финансиски причини, но со значаен еколошки отпечаток.

***Ние сме хотел и не можеме гостите да ги ограничиме колку вода ќе потрошат. Но затоа, пак, поставивме соларни панели, што значително ни ги намалија сметките за струја.***

(директор на СП од Југозападниот регион)

Социјалните претпријатија што покажуваат повисоко ниво на освестеност веќе направиле пресметки во однос на потрошувачката на вода и на енергија, но и направиле план за промена на практиките и на начинот на функционирање во иднина што, пред сè, е финансиски оправдан во согласност со малиот финансиски обрт што го имаат овие ентитети.

*Се обидуваме сите да сме во една канцеларија за да ги сведеме трошоците на минимум. Се грееме на панели за да можеме да ги исклучуваме кога не сме во канцеларија. Користиме филтрирана вода за да не купуваме пакувана.*

(вели претставник на СП од Скопскиот плански регион)

Едно од СП што се занимава со одгледување градинарски култури веќе и произведува своја електрична енергија.

*Имаме соларен систем за топла вода. 4,5 kw фотоволтаичен систем за производство на струја и имаме сопствена вода за пиење. Со зголемување на капацитетите на фотоволтаиците би ги намалиле сите трошоци.*

(претставник на СП од Југоисточниот дел на земјава)

18,4 проценти од СП (7) покажуваат ниско ниво на спроведување практика во однос на заштедата на енергија и на вода, па се греат на дрва, а некои, пак, немаат соодветни услови за работа поради неможноста соодветно да го разладат или загреат просторот.

## 4.2.3 ОТПАД

Економскиот пораст, зголемената потрошувачка и нерационалното користење на природните ресурси се одразуваат негативно врз животната средина. Зголемената побарувачка за производи и услуги, без промени во моделот на потрошувачките навики, генерира големи количества отпад. Од друга страна, потрошувачите, со избор на модел на исхрана, транспорт или домување, може да го насочуваат производствениот модел и директно да влијаат врз животната средина (Државен завод за статистика, 2018 година).
Во согласност со моделот на зрелост, дизајнирањето на производот или услугата треба да го води одржлива деловна практика и да охрабрува одржливо однесување кај купувачите. Ова подразбира дека не треба само купувачот да биде освестен и одговорен одбивајќи да купува неодржливи производи (на пример, производи спакувани во пластика), туку и производителите можат да иницираат практика што ќе фаворизира производи и услуги што ќе му помогнат на купувачот да се однесува одржливо.




*Графикон 4: Практики на управување со отпад*

Петнаесет од истражуваните организации (39,5 проценти) имаат веќе воспоставена практика за рециклирање и за реупотребување на материјалите што ги користат во својата работа. Најголемиот дел од организациите со јасно поставена практика за рециклирање и за реупотребување рециклираат хартија, пластика и стакло.

Во дел од организациите реупотребувањето и пренаменувањето на веќе користени производи е дел од мисијата, како рециклирање и репарирање дрво, облека, а други промовираат и развиваат и еколошка практика кај своите клиенти.

*Поради тоа што сме високо еколошки свесна компанија, нудиме можност, при продажбата, вратените стаклени садови да ги реупотребиме, а за тоа нудиме попуст на производот што го купуваат со цел да ги мотивираме нашите купувачи што помалку да создаваат отпад.*
(претставник на СП од Скопскиот регион)

Една организација произведува честитки од рециклирана хартија, кои ги продава, а производите на неколку други или инвентарот се од рециклирани материјали.

*Сè што гледате овде како инвентар, било за кафулето, било за продавничката, фризерницата, сè е реупотребен материјал. Одевме по отпади, собиравме стари предмети на кои самите им дадовме нова улога. Така, гумите станаа згодни табуретки за седење, старите лонци - коритца за капење, палетите ги употребуваме и како софи за седење, а исто е и со масичките. Овој процес ни е многу важен, па уште додека го формиравме центарот, нашите пријатели што реновираа дома ни се јавуваа и почнуваа да ни ги даваат предметите што ним веќе не им требаа, а кои совршено се вклопија овде.*
(претставник на СП од Скопскиот плански регион)

23,7 проценти (9) од социјалните претпријатија имаат по некоја востановена практика, како рециклирање само хартија, или само пластика или, пак, преземаат иницијативи на индивидуално ниво, кои сè уште не станале дел од организациската култура.

*Немаме таква политика кај нас, иако има една колешка што се залага за здрава животна средина, меѓутоа таа е единка, што не значи дека нема да влијае и на другите. Но, не е на ниво на организација. Вообичаено, храната од настани ја даваме на загрозени лица или ја носиме во канцеларија, внимаваме да не се фрла.*
(претставник на СП од Скопскиот плански регион)

Седум организации (18,4 проценти) сакале да воведат практика на рециклирање и на реупотреба, но од некоја причина биле спречени во иницијативата како трошоци за доставување електронски отпад, несинхронизираност, неупорност, но препознаваат начини како во иднина ќе го применат тоа во своето СП. Една од овие организации нагласи дека веќе создава план на организациско ниво што да прави со отпадот од својот репроматеријал.
18,4 проценти (7) од социјалните претпријатија немаат никаква практика на рециклирање и на реупотреба, а најголемиот дел од нив спаѓаат во услужните дејности, имаат седишта во различни делови од земјава и се од големи градови, но и од помали средини.

### 4.2.4 МАТЕРИЈАЛИ И РЕСУРСИ

Моделите за одржливост бараат длабоко загледување во процесот на сопствениот проект, услуга или производство на продукт. Имено, ако го анализираме синџирот на набавка, како што бара моделот на зрелост на мониторингот на перформансот на процесите, можеби ќе можеме да го промениме или диверзификуваме производствениот процес. Така, поодржлив е тој процес што не само што го ограничува користењето неодржливи практики, туку и се труди да ја елиминира од својот синџир на набавка, како и низ процесите понатаму.
Генерално, во Република Северна Македонија јавната дебата и практиката за развој на одржливи синџири на набавка се далеку од достапни и развиени. Оттука, во моментов не се на располагање податоци за добра практика и соодветни статистички показатели и индикатори што ја опфаќаат целосната состојба во специфичните индустрии.




*Графикон 5: Одржливи практики во синџир на набавки*

Репроматеријалите на шест социјални претпријатија (15,8 проценти) се веќе користени производи на кои тие преку својата работа им даваат нов живот, односно ги преработуваат и ги подготвуваат за реупотреба - стар мебел, хартија, облека и храна.

***Нашата мисија е јасна, ние го продолжуваме животот на старата облека, а со тоа влијаеме на намалување на отпадот.***
(претставничка на СП од Скопскиот плански регион)

Преку одговорите на 16 социјални претпријатија (42,1 проценти) може да се насети дека тие имаат одржливи практики во однос на набавката на материјалите и на производите што ги користат во својата работа, но кај дел од нив ова е несвесно, особено кај тие од руралните области, кои произведуваат овошје, зеленчук и билки, кај тие што произведуваат производи направени од локално произведени производи или, пак, кои се обидуваат материјалите со кои работат да ги купуваат од локалниот бизнис, а со тоа и да ги намалат трошоците. Тие што се дистрибутери на органска и на локално произведена храна и на други производи, пак, ги знаат производителите и работат според дефинирани стандарди.

***Производителите на производите што се македонски ги познаваме лично, а увезените се со сертификати дека потекнуваат од мал и умен бизнис, без злоупотреба на работната сила. Затоа и цените на нашите производи се високи.***
(претставничка на СП од Скопскиот плански регион)

Едно од социјалните претпријатија (2,6 проценти), кое ја развива иницијативата со донација од ЕУ, при правењето на набавките се води само производот да е произведен од ЕУ, во согласност со барањата од донаторот. За шест СП (15,8 проценти) што даваат услуги, прашањето за примарните материјали за работа не е применливо, а во однос на канцелариските материјали, опремата што ја користат, храната, не се осврнуваат на прашањето за злоупотреба на детски труд и на прекумерната и ниско платена работа во однос на набавката на потребните материјали.
За девет социјални претпријатија (23,7 проценти) овој сегмент на одржливоста е сосема непознат и објаснуваат дека ние како општество сме далеку од ваквото ниво на развој, дека да дејствуваш одржливо е многу скапо, дека е тешко да се следи трагата на производите од надвор, дека се скептични во однос на ознаките за фер трговија.

**<u>Пакување на производите</u>**

Во контекст на амбалажата на производот, управувањето на прозиводите и на процесите може да направи многу во напорите за поодржливи процеси. Во согласност со ова, се отвора прашањето дали постои можност амбалажата да се промени од пластика во стакло или хартија, односно во материјали што имаат поголеми можности за рециклирање и дали може амбалажата сосема да се исфрли и клиентот да го добие производот во сопствена амбалажа што ќе ја донесе на местото на продажба.
Четиринаесет од СП со кои беше направено интервју (36,8 проценти) немаат производи, а дванаесет (31,6 проценти) немаат пакувања за своите производи. Шест социјални претпријатија (15,8 проценти) водат сметка за амбалажата во која ги пакуваат своите производи и изјавуваат дека користат биоразградливи материјали за пакувањата, а претставник на едно социјално претпријатие нагласи дека се сомневаат во биорагредливите пакувања што се нудат на македонскиот пазар и дека сè уште се во потрага по соодветно решение. Шест СП, пак, (15,8 проценти) при одлуката за пакувањето првично се водат од цената, а некои ваквите одлуки ги донесувале и поради неинформираност.
Само пет од социјалните претпријатија (13,1 проценти) имаат ознаки што укажуваат дека нивните продукти го следат концептот на одржливост, како, на пример, знак за органско производство, ознаки за локално произведени производи, како и ознаки дека купувањето одреден производ значи и поддршка и развој на програми за одредени маргинализирани групи, меѓутоа пакувањето на овие производи не е секогаш биоразградливо.

## 4.3 ОДРЖЛИВОСТ ОД АСПЕКТ НА ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ ОПШТЕСТВОТО

### 4.3.1 ПРАКТИКИ ОД ОБЛАСТА НА ТРУДОТ, ПРИСТОЈНОСТ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА И ПОЧИТУВАЊЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Во одржливите организациски ентитети, процедурите фокусирани кон вработените (за вработување, за нивниот професионален развој итн.), како и процедурите за заштита на нивното здравје и благосостојба, се значаен сегмент од работењето, а нивното спроведување е мерливо. Целта на процедурите за вработување е да осигурат дека секое ново вработување во организацијата е спроведено преку отворена, фер и конзистентна постапка, без дискриминација и конфликт на интереси, со почитување на разновидноста. Процедура за проценка на перформансот на вработените, пак, постои за да се препознаат индивидуалните достигнувања на вработените, а политиката за професионален развој на вработените ја става во фокусот професионализацијата на секој вработен со што на долг рок ќе се обезбеди и институционален развој на самата организација.
Постојните социјални претпријатија во Република Северна Македонија се мали ентитети, со мал број вработени, кој се движи од едно до пет лица. Мал е бројот на ентитетите што вработуваат повеќе од пет лица, а уште е помал на тие што вработуваат повеќе од 15 лица. Во рамките на овие ентитети се вработени вкупно 125 лица, од кои 79 жени и 46 мажи, при што најголем дел од нив се на возраст од 29 до 45 години. Овие ентитети промовираат разновидност во структурата на вработените. Во мешовитите етнички средини, структурата на вработени по националност е мешовита - Македонци, Албанци, Роми, Власи, но, сепак, доминира македонската националност. Во СП каде што има повеќе од пет вработени се забележува разновидност во однос на степенот на завршено образование - од лица без завршено средно образование, со завршено средно образование, лица со високо образование, со магистратура и докторати, но, сепак, доминира групата вработени со високо образование.
Со оглед на тоа што во земјава **поголемиот дел од социјалните претпријатија во своите редови вклучуваат ранливи групи, пристапот и работата со нив подразбира поголемо вложување не само кон нивна професионализација,** туку и кон создавање навики и овозможување поедноставна интеграција. Со ова, предизвикот на социјалните претпријатија, кога станува збор за вработување, адаптација, следење, развој на најголемиот дел од вработените во процесот на интеграција на работното место, е многу поголем, па со оглед на тоа, овие процеси во многу европски земји се субвенционирани од државата. Дел од активните мерки за вработување го овозможуваат ова и во земјава, а за тоа зошто тие не се соодветно искористени од социјалните претпријатија (со исклучок на тие што се наменети за заштитните друштва), потребна е дополнителна анализа.

**Дури 65,8 проценти (25) од социјалните претпријатија немаат никакви процедури во рамки на организацијата**, а седум од нив имаат развиено само одредени правилници за работнички права или професионални правилници, како и етички кодекс. Само пет СП (13,15 проценти) имаат и процедури за вработување и процедури за здравје и за заштита при работа, кои се обидуваат соодветно да ги спроведат во своето работење и сите тие се со повеќе од десетгодишно искуство во работата во граѓанскиот сектор, пет (13,15 проценти) СП имаат процедури за вработување, но немаат за здравје и за заштита при работа. Три СП (7,9 проценти), пак, имаат процедури, но не ги почитуваат.

## Тренинг, образование и организациско учење

### ОБУКИ И ПРОФЕСИОНАЛЕН ТЕНИНГ НА ВРАБОТЕНИТЕ




Четиринаесет социјални претпријатија (36,8 проценти) посетуваат обуки што се бесплатни, но издвојуваат и буџет за обуки, кои сметаат дека се неопходни за нивните вработени. Само две од овие социјални претпријатија имаат план за развој на вработените.

***Точно се знае шшо се очекува од секој врабошен, имаме развиен ӣлан кој на какви обуки оди. Некои обуки и скаӣо нè чинаш, но свесни сме дека ни се ӣошребни и дека мора да ӣланираме буџеш за развој.***

(претставничка на претпријатие од Скопскиот плански регион)

Седумнаесет социјални претпријатија (44,8 проценти), главно, се обидуваат да ги посетуваат обуките што се веќе покриени од донатор, но не одвојуваат свои средства за оваа намена, а одлуката за посета ја донесува или извршниот директор или иницијативата доаѓа од вработениот што сака да ја посети или тимот на социјалното претпријатие заеднички донесува одлука кој вработен е најсоодветно да посети конкретна обука. Дел од овие социјални претпријатија што работат со лица со пречки во развојот оценуваат дека фокусот на нивната работа станува актуелен во земјава и континуирано добиваат можности за градење капацитети, кои активно ги користат и имаат значајни бенефити во својот развој, други добиваат и менторска поддршка финансирана од донатори, која подразбира и план за развој на вработените, кој треба да го реализираат во иднина. Едно социјално претпријатие (2,6 проценти) посетува обуки на интернет. Другите шест социјални претпријатија (15,8 проценти) не практикуваат обуки и развој на вработените.
Кај 63,2 проценти (24) социјални претпријатија се забележува високо ниво на сензибилизираност во однос на унапредување на работната атмосфера во организацијата, посветуваат внимание на антидискриминација и на непоттикнување меѓучовечки конфликти. Дел од нив имаат и правилници за антидискриминација и посетувале обуки за меѓучовечки конфликти, други при регрутацијата на вработен вклучуваат и сет прашања што се однесуваат на сензибилизација на темите и на групите со кои работат, па ако кандидатите не се сензибилизирани за тие прашања, не влегуваа во потесниот избор. Трети, пак, обрнуваат внимание на подобрување на работната атмосфера со наградување, избор на работник на месецот и на работник на годината.
**Специфика во пристапот и во реализација на обврските се забележува кај социјалните претпријатија за работна интеграција, кои работат со ранливи групи.** Тие имаат значајна задача во општеството - ги подготвуваат ранливите лица за пазарот на труд, за оваа своја услуга не добиваат надомест од државата (што за одредени ранливи групи е неопходно) и тоа го забавува нивниот развој. Од друга страна, најголемиот дел од овие претпријатија немаат

развиено програми за интеграција на ранливата група со која работат, туку активностите ги спроведуваат стихијно, што, исто така, е пречка во развојот на социјалното претпријатие.

*Имаме одлична атмосфера, им овозможуваме на жените, претежно Албанки, да излезат од дома, заедно работиме, се дружиме, се смееме, а тоа многу им значи. Во спротивно, ќе се удавиме.*

(претставничка на социјално претпријатие од Југозападниот регион)

Едно од социјалните претпријатија регистрирано како д.о.о. има и свое здружение на граѓани, но двата ентитета соработуваат во насока на полесно интегрирање на групата со која работат. Според нивната практика, во социјалното претпријатие се вклучуваат само тие поединци што се веќе отворени за промени и што се подготвени за работа.

*Деведесет проценти од сите членки на здружението се жртви на семејно насилство. Покрај тоа што имаме психотерапевти и стручњаци со кои соработуваме, знаеме што може да се очекува од лица што се во позиција на жртва. На почетокот, многу се потпиравме на нив, но тоа се одрази негативно на имиџот и на фирмата, и на организацијата. Затоа, жените што одбираме да бидат дел од фирмата веќе поминале низ инката на здружението на граѓани, кај нив сме забележале прогрес и затоа тие работат во компанијата. Тие, пак, кои не работат на себе, ги препраќаме за посоодветни стручни служби за посоодветно надминување на проблемите. Значи, сите што се дел од фирмата прво поминале низ ситото на здружението на граѓани.*

(претставничка на социјално претпријатие од Скопскиот плански регион)

**Отсуството на јасни програми за интеграција, кај одредени социјални претпријатија за работна интеграција создава и проблематична работна атмосфера.** Три СП (7,9 проценти) ја нагласија напнатоста што се создава и немоќта што ја чувствуваат не наоѓајќи секогаш начини како да ги надминат проблемите. Колку пати само ми доаѓа да оставам сè и да заминам - нагласува претставничка на здружение на граѓани, кое како една своја програма го има своето СП преку кое генерира приход за целите на здружението.
Шест социјални претпријатија (15,8 проценти), пак, ја нагласија потребата за подобра атмосфера за работа, недостигот од тимбилдинзи, неуспехот секогаш да ги најдат вистинските вработени или, пак, недоволната посветеност на овој сегмент од работењето, четири социјални претпријатија (10,5 проценти) целосно го имаат занемарено овој сегмент, а едно СП (2,6 проценти) го оцени прашањето како несоодветно поради тоа што работи само со еден вработен.

## 4.3.2 ОПШТЕСТВО И КЛИЕНТИ

<u>Поддршка за заедницата</u>
Во Република Северна Македонија отсуствува детален статистички преглед во однос на придонесот на различните ентитети кон заедницата и општеството. Додека кај бизнис секторот ова е пракса во фаза на развој и претставува неискористен потенцијал, кај граѓанскиот сектор самата законска регулатива што го регулира ја наложува потребата за јасно дефинирана општествена мисија. Грижата за корисниците како практика се спроведува во бизнис-секторот, меѓутоа таа повеќе е водена од бизнис-целите, отколку од мотивот за развој на заедницата.




*Графикон 7: Грижа за заедницата*

10,5 проценти (4) од СП со кои беше направено интервју ја деметрополизираат културата доближувајќи ја до граѓани од локални заедници, а влегувајќи дури и во руралните средини, една од овие организации се фокусира на промоција на културното богатство. 15,8 проценти СП (6) во рамки на својата општествена мисија ја подигнуваат јавната свест за различни општествени важни прашања или, пак, даваат бесплатни консултации и совети за лица на кои им е потребно, а не можат да си го дозволат тоа, едно СП се грижи за бездомните кучиња (2,6 проценти) и во исто време ја информира популацијата што значи грижа за миленичињата, а 7,9 проценти (3) со своето дејствување влијаат на едукацијата во однос на заштитата на животната средина.

Најголем дел од СП со кои беше направено интервју, 24 (63,2 проценти) се за работна интеграција и нивниот влог во општеството подразбира економско и социјално засилување на различни маргинализирани групи. Во исто време тие и ја подигнуваат свесноста на јавноста во однос на предизвиците и на потребите со кои се соочуваат маргинализираните лица, а вршат и влијание на политиката во однос на ова прашање. Три од нив во својата мисија вкрстуваат интеграција и заштита на животната средина. Шест од социјалните претпријатија за работна интеграција интегрираат ранливи групи жени од различни групи - Ромки, од рурални средини, социјално исклучени. Ваквото вклучување за нив значи и социјално и економско засилување. Дел од овие СП влијаат и на институционални промени во поглед на програмите за вработување. Тоа што жените се и работно ангажирани и се дружат е добро за сите нас - вели една претставничка од Пелагонискиот регион. Четири од СП за работна интеграција интегрираат лица со ментални пречки во развојот, едно - лица со физички пречки, при што некои од нив одиграа и значајна улога во македонското општество во процесот на деинституционализација на лицата со ментални пречки. Уште четири интегрираат социјално загрозени сограѓани и бездомни лица, а од нив три активно практикуваат или поттикнуваат волонтерство.

***Работата со ранливи лица е комплексна, а, од друга страна, и високомотивирачка, па кога ќе нема доволно средства, поголемиот дел од активностите ги работиме волонтерски заедно со тимот, а и со вклучување надворешни волонтери.***

(претставник на СП од Скопскиот плански регион)

Две од СП за работна интеграција во фокусот на својата работа имаат зависници од дрога, алкохол и од хазардни игри, две - самохрани мајки, едно социјално претпријатие е фокусирано на лица со психијатриски проблеми, едно на интеграција на ранливи млади лица и четири на лица што се занимаваат со изработка на ракотворби.

## Задоволство на клиентите




*Графикон 8: Грижа за крајните корисници*

Осумнаесет од социјалните претпријатија со кои беше направено интервју (47,4 проценти) немаат увид во однос на задоволството и забелешките на купувачите на нивните производи и услуги, а само четири СП (10,5 проценти) имаат развиено механизми како спроведување анкети, истражувања на годишно или двегодишно ниво.

Другите 16 СП (42,1 проценти) објаснуваат дека имаат лична комуникација со своите купувачи на продажните места, со нив комуницираат преку интернет, дел од нив на редовните купувачи им се заблагодаруваат со скромни подароци или, пак, на тие фирми и поединци што купуваат поголеми количини им врачуваат благодарници за поддршка во развојот. Едно СП има политика доколку некој не е задоволен од едукативните часови што ги даваат, да му ги вратат парите по спроведената обука.

***Постојано комуницираме со корисниците на нашите услуги, со нивните семејства, така што веднаш дознаваме за недостатоците во нашето работење и се обидуваме брзо да реагираме.***

(претставничка на СП од Скопскиот регион, кое работи на грижа за стари лица).

# 5 ЗАКЛУЧОК

Генерално, социјалните претпријатија во земјава имаат дефинирани одржливи практики и во однос на заштитата на животната средина и во однос на придонес кон општеството, а специфичен е фактот што тие иако се ентитети со најголемо разбирање и свест за одржливоста, во исто време се борат со својата економска одржливост. Сепак, нивниот приод, практиките што ги спроведуваат, влијанието што го имаат во локалната заедница се исчекор во создавањето одржливо општество.

**Еден од најголемите предизвици на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија е економската одржливост.** Истражувањето покажува дека, во практика, социјалните претпријатија имаат хибриден бизнис-модел, кој е финансиски одржлив од поширок спектар извори како приходи од економски активности, активни мерки за вработување, грантови, донации, услуги финансирани од јавни институции. Спроведеното истражување покажува дека само 18,4 проценти од социјалните претпријатија во земјава се економски одржливи, додека другите се донаторски зависни или се финансиски неодржливи на подолг рок.
Во однос на одржливоста од аспект на влијанието врз животната средина, најголем придонес имаат оддржливите практики во транспортот. Дури 73,7 проценти од вработените и работно ангажираните во социјалните претпријатија на работа стигнуваат и дневните работни обврски ги завршуваат пеш, со велосипед или со јавен превоз и се обидуваат да го намалат на минимум користењето моторни возила. Околу 40 проценти од социјалните претпријатија имаат веќе воспоставена практика за рециклирање и за реупотребување на материјалите што ги користат во својата работа. Дополнително, 31,6 проценти покажуваат високо ниво на свесност во однос на заштедата на енергија и на вода и тоа активно го практикуваат во своето секојдневие, а некои дури и произведуваат сопствена електрична енергија. Кај дел од нив, реупотребата и пренамената на веќе користени производи се дел од мисијата, како рециклирање и репарирање дрво, облека, други промовираат и развиваат и еколошка практика кај своите клиенти, а кај некои производите, односно инвентарот се исклучително од рециклирани материјали.

**Во однос на одржливоста од аспект на влијание врз општеството и заедницата,** социјалните претпријатија во Република Северна Македонија имаат јасно дефинирани социјални мисии. Најголем дел од нив, односно 63,2 проценти се за работна интеграција и нивниот влог во општеството подразбира економско и социјално засилување на различни маргинализирани групи. Социјалните мисии на другите СП се движат од деметрополизација на културата, подигнување на јавната свест за битни општествени прашања, заштита на бездомни животни и заштита на животната средина.
Генерално, социјалните претпријатија во земјава се мали ентитети, со мал број вработени, кој се движи од едно до пет лица, односно обезбедуваат вработување за вкупно 125 лица, од кои 79 се жени, а 46 мажи, при што најголем дел од нив се на возраст од 29 до 45 години. Спроведеното истражување потврдува дека ентитетите промовираат разновидност во структурата на вработените, не само од родов аспект, туку и од националност и ниво на образование. Во мешовитите етнички средини, структурата на вработени по националност е мешовита - Македонци, Албанци, Роми, Власи, но, сепак, доминира македонската националност. Во СП каде што има повеќе од пет вработени се забележува разновидност во однос на степенот на завршено образование - од лица без завршено средно образование, со завршено средно образование, лица со високо образование, со магистратура и со докторати, но, сепак, доминира групата вработени со високо образование.

Постои простор за унапредување на доброто управување во рамките на социјалните претпријатија. **Дури 65,8 проценти (25) од социјалните претпријатија немаат никакви процедури во рамки на организацијата,** а седум од нив имаат развиено само одредени правилници за работнички права или професионални правилници, како и етички кодекс. Истражувањето потврдува дека кај постојните социјални претпријатија постои развиена институционална свест за организациски и за професионален развој, меѓутоа тој ретко доаѓа од реалните потреби на вработените и на организацијата и не е стратегиски и долгорочно планиран. Донаторската заедница сѐ уште го одредува градењето на капацитетите за

социјалните претпријатија, односно 44,8 проценти од постојните СП посетуваат обуки што им се наложени од донаторската заедница.

Предизвик за социјалните претпријатија останува градењето долгорочни врски со клиентите. Дури 47,4 проценти од нив немаат увид во однос на задоволството и на забелешките на купувачите на нивните производи и услуги, додека само 10,5 проценти имаат развиено механизми како спроведување анкети, истражувања на годишно или двегодишно ниво. Другите СП добиваат забелешки за производите и за услугите преку директните контакти со крајните корисници.

42,1 проценти од СП имаат одржливи практики во однос на набавката на материјалите и на производите што ги користат во нивната работа, но кај дел од нив ова е несвесно, особено кај тие од руралните области што произведуваат овошје, зеленчук и билки, кои произведуваат производи направени од локално произведени производи или, пак, со набавката на материјалите со кои работат се обидуваат да купуваат од локалниот бизнис, а со тоа и да ги намалат трошоците.

Само пет од социјалните претпријатија (13,1 проценти) имаат ознаки што укажуваат дека нивните продукти го следат концептот на одржливост, како, на пример, знак за органско производство, ознаки за локално произведени производи, како и ознаки дека купувањето одреден производ значи и поддршка и развој на програми за одредени маргинализирани групи, меѓутоа пакувањето на овие производи не е секогаш биоразградливо.

# 6 ПРЕПОРАКИ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

Истражувањето потврдува дека социјалните претпријатија имаат капацитет да се развиваат како локални мотори за спроведување на глобалните цели за одржлив развој. Сепак, потребно е интегрирање на потенцијалите на сите ентитети и градење кредибилни партнерства со соодветни информации со другите ентитети во бизнис-спектарот и со творците на јавната политика.

## 6.1 ПРЕПОРАКИ ЗА КРЕАТОРИТЕ НА ЈАВНИТЕ ПОЛИТИКИ

1) Преструктурирање на начинот на создавање на развојната политика во нова визија, која, пред сè, е базирана врз bottom-up пристап на развојната политика од локално кон национално ниво. Притоа, развојната политика да го промовира принципот на одржливост и да ја подигнува свеста за глобалните цели за одржливост на ниво на сите сектори.
2) Поттикнување финансиски инструменти за економска одржливост на социјалните претпријатија, како, резервирани фондови; изоставање на критериумот „најниска цена“ што ги одвратува социјалните претпријатија од учество во јавните набавки и промовирање концепт на јавни набавки што се заснова врз принципите на одржлив развој;
3) Отворање финансиски фондови (грант линии) за оддржливи практики кои поттикнуваат на реструктуирање на производствените и на продажните процеси во СП (експериментални грантови за развивање и за практикување преку Фондот за иновации);
4) Развој на матрица за мониторинг на сите аспекти на одржливост на социјалните претпријатија. Матрицата треба да биде задолжителна за корисниците на јавни финансии за поддршка на развојот на социјалните претпријатија.
5) Поттикнување на партнерството и на вмрежувањето на локално ниво, општина и на СП во одреден регион за остварување на Агендата 2030 година за одржлив развој;
6) Подигнување на јавната свест кај купувачите за вредноста што ја носат социјалните претпријатија.

## 6.2 ПРЕПОРАКИ ЗА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

1) Поттикнување реструктуирање на производствените и на продажните процеси во СП (преференции за одржливи процеси на производство и на продажба на услуги и на добра);
2) Развој на процес на означување и награди за оддржливи практики кај СП што ќе имаат двојна цел, развој на јавната свест и развој на менаџерските тимови на СП за потребата од пренасочување кон оддржливи практики;
3) Поттикнување иновациско / инвестициско размислување во социјалната економија кај менаџерите на СП;
4) Подигнување на јавната свест кај купувачите за вредноста што ја носат социјалните претпријатија;
5) Градење партнерства со општините и со бизнис-секторот на локално ниво за пилот-иновации со одржлив импакт врз заедницата.

## 6.3 ПРЕПОРАКИ ЗА ДРУГИТЕ УЧЕСНИЦИ ВО ЕКОСИСТЕМОТ

1) Вклучување на СП во сопствениот систем на набавка на репроматеријали, преработка на делови, давање одредени услуги, outsorcing, транспорт итн;
2) Поддршка во пласманот на нивните производи, кои се произведени на одржлив начин;

3) Давање поддршка во човечки ресурси за развој и за иновации (менторски шеми, волонтирање, стажирање, тренинг на работно место);
4) Заедничко конкурирање за грантовски програми за социјални иновации и инвестиции во социјалната економија (како предуслов на грантовски програми);
5) Поттикнување меѓусебно партнерство на СП и традиционалниот бизнис во развој на социјални иновации.

# ЛИТЕРАТУРА

Darby, L., Jenkins, H. (2006). Applying sustainability indicators to the social enterprise business model. International Journal of Social Economics 33, 411–431. doi:10.1108/03068290610660689

Државен завод за статистика (2018). Одржлив развој. Скопје: Државен завод за статистика.

European Commission (2017). Social economy in the EU. Brussels: European Commission. Available at: https://ec.europa.eu/growth/sectors/social-economy_en [Accessed 19 Feb. 2018].

Ilijevski, K., Kusinikova, N., Iloska, A. and Mirchevski, V. (2016). Challenges and opportunities for employment of marginalized groups by social enterprises. [online] Skopje: Association for research, communications and development, p.20. Available at: http://socialenterprisesbalkans.org/macedonia-en/wp-content/uploads/sites/3/2016/08/Challenges-and-opportunities-for-employment-of-marginalized-groups-by-social-enterprises-in-Macedonia1.pdf [Accessed 19 Feb. 2018].

Илоска, А., Илијевски, К. and Мојанчевска, К. (2018). Документ на политика: Како до развиен екосистем за социјални претпријатија. Скопје: Асоцијација за истражување, комуникации и за развој „Паблик“.

Fasenfest, D., Ciancanelli, P., & Reese, L. A. (1997). Value, exchange and the social economy: framework and paradigm shift in urban policy. International Journal of Urban and Regional Research, 21(1), 7–22. https://doi.org/10.1111/1468-2427.00055

Felício, J. A., Martins Gonçalves, H., & da Conceição Gonçalves, V. (2013). Social value and organizational performance in non-profit social organizations: Social entrepreneurship, leadership, and socioeconomic context effects. Journal of Business Research, 66(10), 2139–2146.

Hudson, R. (2007). Local and Regional Development * A. Pike, A. Rodriguez-Pose and J. Tomaney. Journal of Economic Geography, 7(2), 217–219. https://doi.org/10.1093/jeg/lbl026

Martin, Roger L., Osberg, Sally R., (2015). Getting beyond Better: How Social Entrepreneurship Works. Harward Business Review Pres

Министерство за животна средина и просторно планирање (2010). Национална стратегија за одржлив развој во Република Македонија. Available at: http://www.macefdrr.gov.mk/files/dokumenti/NSSD.pdf [Accessed 24 Jul. 2018].

Nicholls, A., Cho, A.H., 2006. Social Enterprenership- New Models of Sustainable Social Change, in: Oxford University Press. pp. 1689–1699. doi:10.1017/CBO9781107415324.004

Jenner, P., (2016). Social enterprise sustainability revisited: an international perspective", Social Enterprise Journal, Vol. 12 Issue: 1, pp.42-60, https://doi-org.nukweb.nuk.uni-lj.si/10.1108/SEJ-12-2014-0042

OECD (2016). Policy Brief on Scalling the Impact of Social Enterprises. Policies for social entrepreneurship. [online] Luxembourg: European Commission, pp.3-7. Available at: https://www.oecd.org/cfe/leed/Policy-brief-Scaling-up-social-enterprises-EN.pdf [Accessed 24 Jul. 2018].
Sabella, A. R., & Eid, N. L. (2016). A strategic perspective of social enterprise sustainability. Journal of General Management, 41(4), 71–89.

Trajkovski, I., Nikolovska, N., Kekenovski, L., Cvetkoski, C., Ivanov, G., Donevska, M., Pluskovski, V., Acevski, I. and KArtalov, H. (1999). National human development report. Macedonia 1999. Civil society in transition. [online] Skopje: UNDP, pp.11-13. Available at: http://hdr.undp.org/sites/default/files/macedonia_1999_en.pdf [Accessed 6 Mar. 2018].

Visser, W.T (2002), Sustainability reporting in South Africa, in Corporate Environmental Strategy, vol. 9, no. 1, pp.79-85.

Министерство за животна средина и просторно планирање (2010). Национална стратегија за одржлив развој во Република Македонија. Available at: http://www.macefdrr.gov.mk/files/dokumenti/NSSD.pdf [Accessed 24 Jul. 2018].

Nicholls, A. (2010). The legitimacy of social entrepreneurship: Reflexive isomorphism in a pre-paradigmatic field. Entrepreneurship: Theory and Practice, 34(4), 611–633.

Silvius, A., Schipper, R., 2010. A maturity model for integrating sustainability in projects and project management. 24th World Congress of the International Project Management Association (IPMA). doi:10.1016/j.ijhydene.2008.07.056